# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ НА АРХЕОЛОЗИТЕ ВО ПРИЛЕП

Околу 60 научници од нашата земја, Полска, Романија, Чехословачка, Унгарија, Бугарија, Германската Демократска Република, Сојузна Република Германија и Австрија, кои се занимаваат со словенската археологија, беа собрани на симпозиумот што се одржа од 7 до 10 мај 1972 година во Прилеп. Темата на собирот беше „Доаѓањето и стабилизацијата на Словените во јужнословенските подрачја во светлината на најновите археолошки проучувања". По ова прашање се поднесоа околу 30 реферати и соопштенија. Преку нив беа презентирани најновите сознанија за материјалната култура на Словените при што беа од посебен интерес укажувањата на нејзините заеднички — општословенски белези, посебно меѓу Јужните и Западните Словени. Интересирање побудија и резултатите на југословенските научници кои значат несомнен придонес во расветлувањето не само на материјалната култура на Јужните туку и на Словените воопшто. Во тоа се особено обележени и оние прилози кои укажуваат на специфичностите на материјалната култура на Јужните Словени со оглед на присутноста на римската и византиската таква.

Посебно внимание на овој импозантен научен собир беше посветено и на правците на населувањето на Јужните Словени на Балканскиот Полуостров — во светлината на најновите археолошки истражувања.

Учесниците имаа можност на самото место да се запознаат и со откриените во Прилеп наоди од најстарата словенска материјална култура меѓу кои и престолот на кој биле крунисувани словенските кнезови.

На овој симпозиум настапија и научни работници од Социјалистичка Република Македонија. Нивните резултати беа со посебен интерес проследени и топло примени. Признание за таквата научна активност и резултати претставува и предлогот во Прилеп да се основа Институт на старословенската култура.

**В. К.**